Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр.-Nr. 04 - 111/7
24.01.2024 год.viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), и Предлогот на кандидати за вработување по објавениот Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023, даден од Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група, в.д. директорот на НУ Драмски театар Скопје, на ден 24.01.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

За избор на 10 (десет) кандидати за вработување на актери четврта група по објавен Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023 во НУ Драмски театар Скопје

1.За даватели на јавни услуги во културата во НУ Драмски театар Скопје на работно место актер четврта група, со шифра КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, а во врска со објавениот Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023, и по спроведената постапка за аудиција, се избираат следните кандидати:

- Лазар Христов
- Владимир Петровиќ
- Нина Елзесер
- Маријан Наумов
- Јована Спасиќ
- Ања Митиќ
- Ивана Павлаковиќ
- Дениз Абдула
- Томислав Давидовски
- Сара Климоска

2.Избраните кандидати ќе бидат вработени на работно место актер четврта група, со шифра КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, во НУ Драмски театар Скопје, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесат поединечни Решенија за вработување.

3.Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

НУ Драмски театар Скопје во дневните весници *Слободен печат, Вечер и Коха* објави Јавен оглас бр. 01/2023 за вработување на 10 (десет) актери четврта група на определено време.
Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група формирана со Решение донесено од в.д. директорот на установата, согласно член 77-е од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) спроведе административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудиција, за што е составен Записник.
Врз основа на резултатите од спроведената административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудицијата одржана на ден 22.01.2024 и 23.01.2024 година, Комисијата за постапка за вработување достави

Предлог на кандидати за вработување по објавен Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023, со прилог Записник за спроведената аудиција и извршеното бодување согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Драмски театар Скопје бр. 0201-324/10 од 14.10.2021 година, до овластеното лице на установата.

Имајќи го предвид доставениот Предлог на кандидати за вработување по објавениот Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023, в.д. директорот изврши избор за вработување на 10 (десет) актери четврта група, со шифра КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, во НУ Драмски театар Скопје, како во диспозитивот на оваа Одлука.

За НУ Драмски театар Скопје
в.д. директор,

Викторија Рангелова - Петровска

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Драмски театар Скопје.

Доставено до:

-Избраните кандидати;
-Архива;
-Огласна табла, и
-Веб страницата на НУ Драмски театар Скопје.